**Образец бр.1**

**План за спроведување
на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлогот за донесување на закон: | Предлог на Закон за Бирото за судски вештачења |
| Министерство: | Министерство за правда |
| Лице за контакт: | Дени Ѓорчевски, директор на Бирото за судски вештачења<br>Тел: 02/3 238 553 |
| Очекуван датум за усвојување на предлогот: | |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Не |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. *Кои се главните проблеми?*

Главниот идентификуван проблем е што со досегашното законско решение дејноста на органот беше регулирана со Законот за основање и работа на Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот. Ваквото законско решение не кореспондира со сегашните нови услови и реформата на правосудниот систем во Република Македонија, особено што наведениот закон датира од март месец 1977 година, а потребата од надградување и усогласување со материјалните закони е неопходна.

Градењето на стручни институции, како основа на владеењето на правото и гаранција за остварување и заштита на човековите права и слободи е императив кој може да се оствари единствено преку законски решенија кои овозможуваат на странките еднаквост во постапката, законитост, стручност, чесност, професионалност, одговорност, совесност и ефикасност.

2. *Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?*

- *Опција 1:* “Не прави ништо” односно да не се донесува нов закон
- *Опција 2:* “Донесување на Закон за Бирото за судски вештачења”

По согледувањата дека стариот законски текст има одредби кои не соодветствуваат на условите кои постојат во денешниот систем на функционирање на правосудството и правната сигурност во постапките, потребата од донесување на нов закон е непоходно потребна.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Во текот на подготовката на предложеното решение, во рамки на работната група учествуваа претставници на Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Бирото за судски вештачења, како и судии.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. *Кои информации и податоци се веќе достапни?*

Пред започнувањето на подготовка на законското решение, беа лоцирани претходно наведените слабости, што претставуваше и повод за оформување на работна група за изготвување на предлог законот. На одржаниот состанок на работната група формирана во рамки на Министерството за правда, која работи на изготвување на Законот за Бирото за судски вештачења, беше заземен став дека е потребно донесување на нов закон.

Потребно е Иницијална процена на влијанието на регулативата.

2. *Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?*

3. *Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијанието на регулативата – принцип на пропорцијална анализа)?*

   *Иницијална проценка на влијанието на регулативата*

4. *Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијанието на регулативата и кои институции ќе се вклучат?*

Предлогот на Законот за Бирото за судски вештачења е изготвен од страна на работна група формирана со решение на Министерот за правда, чија цел е

изработка на нов законски текст за Бирото за судски вештачења. Во работната група беа вклучени претставници од правосудните и други надлежни органи.

| **Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**<br>(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија) |
|---|

В. Временска рамка

1. *Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?*

   Август 2012 год.

2. *Доколку се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за анлитички студии, собирање на информации итн) која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?*

   Не е предвидено вклучување на надворешни консултанти.

3. *Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?*

   Август 2012 година.

Г. Ресурси

1. *Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлогот за донесување на закон?*

Доставениот предлогот е подготвен од страна на членовите на работната група задолжена за изготвување на Законот за Бирото за судски вештачења.